Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

за

# УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО ОДНОС НА ХРАНАТА И ХРАНАТА ЗА ЖИВОТНИ

# ТРИХИНЕЛОЗА

**Декември, 2018**

**Одобрено од:**
**Директор на Агенција за храна и ветеринарство,**
Зоран Атанасов
________________________

Архивски број:
02-4153/2
25.12.2018

## СОДРЖИНА

ВОВЕД.....4
Опис на опасноста.....4
Дефиниции и кратенки.....5
Дефиниции.....5
Листа на кратенки.....5
ПРАВНА РАМКА.....6
Законски обврски.....8
СЛУЖБЕНИ КОНТРОЛИ ЗА ТРИХИНЕЛА И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ ОД ТРУПОВИ ВО КЛАНИЦА И ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ДИВЕЧ.....8
Предусловни барања.....8
МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА СОМЕНЖ ИЛИ ПРИСУСТВО НА ТРИХИНЕЛА.....11
Мерки во случај на сомнеж на трихинела.....11
Анализата на примероците во кои е утврден позитивен или сомнителен резултат на трихинела на ниво на лабораторија.....11
МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА ПОТВРДА НА ТРИХИНЕЛОЗА.....15
Дополнителни мерки за различни категории на животни за производство на храна.....16
ДЕТЕКЦИЈА НА ТРИХИНЕЛА ВО ВИДОВИ НА ДИВИ ЖИВОТНИ.....18

## *ВОВЕД*

Документот е надополнување на Општиот и Оперативниот план за управување со кризи во однос на безбедноста на храната и храната за животни.

Планот е комплементарен со Повеќегодишен контролен план за мониторинг на инфестација со Trichinella кај приемчива популација на животни во Република Македонија, а во врска со Правилникот за посебни барања за контрола на *Trichinella* во месото („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/16) и Правилник за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторинг („Службен весник на Република Македонија" бр.80/11).

Со планот се уредуваат мерки кои се преземаат во случај на сомнителен и утврден позитивен наод на trichinella spp. како и обврските на операторите со храна и надлежниот орган Агенција за храна и ветеринарство (во продолжение: Агенција) кои произлегуваат од важечката законска рамка.

### *Опис на опасноста*

Трихинелозата е паразитска болест која преставува висок ризик по јавното здравје, а може да предизвика  и економски загуби. Станува збор за сериозна зооноза (болест која од животните може да се пренесе на луѓето). Од аспект на хуманата медицина со оглед дека е тешко да се утврди инфестацијата и постави точна дијагноза, често третирањето е несоодветно и со тоа патолошкото влијание негативно изразено. Во случај на голема инфестација, болеста може да биде фатална. Кај луѓето болеста може да потекнува од конзумирање сирови или недоволно термички обработени напречно – набраздени (скелетни) мускули, месо или месни производи од животни (домашни свињи, коњи, дивеч, мечки) инфестирани со ларвите на *Trichinella spp*.

Месото добиено од животни од фамилијата *Suidae* се смета за еден од највообичаените начини за пренесување на трихинелата кај луѓе.

Во Република Македонија месото добиено од фамилијата *Equidae* (коњите и други видови на копитари) не се користи за човечка исхрана. Во случај на употреба на месо од копитари за човечка исхрана, сите одредби од овој документ, заедно со другите барања за здравствена заштита и безбедност на храната треба да се применат.

Мерките пропишани во овој документ се однесуваат на обврските на операторите со храна ( во продолжение: БОХ)  и Агенцијата и останатите засегнати страни.

## *Дефиниции и кратенки*

Дефиниции

- „*Trichinella*“ е кој било нематод што припаѓа на видот на родот Trichinella;
- „**Контролирани услови на одгледување**“ е тип на одгледување животни каде што свињите цело време се држат под услови контролирани од операторот во однос на хранењето и сместувањето.

Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| АХВ | Агенција за храна и ветеринарство, |
| СЗЗБЖ | Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните, |
| СВЈЗ | Сектор за ветеринарно јавно здравство, |
| СИН | Сектор за инспекциски надзор, |
| ОВ | Официјални ветеринари, |
| БОХ | Бизинис оператор со храна, |
| НРЛ | Национална референтна лабораторија, |
| РБО | Регистерски број на одгледувалиштето |
| ИЈЗ | Институт за јавно здравје |
| ФВМ | Факултет за Ветеринарна Медицина |

## *ПРАВНА РАМКА*

Општите аспекти и предуслови за контрола на трихинела во Република Македонија се уредени во следниве документи:

1. Закон за безбедност на храна (Службен весник на Република Македонија 157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 84/2015, 123/2015 (пречистен текст), 129/2015, 213/2015 39/2016 и 64/2018);
2. Општ план за управување со криза во областа на безбедност на храна и храна за животни за временскиот период од 2013 до 2018 година (Службен весник на Република Македонија бр. 130/13)
3. Општ план за управување со криза во областа на безбедност на храна и храна за животни за временскиот период од 2019 до 2023 година
4. Оперативен план за управување со криза во областа на безбедност на храна и храна за животни
5. Правилникот за посебни барања за контрола на Trichinella во месото („Службен весник на Република Македонија" бр.82/16)
6. Правилник за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторинг („Службен весник на Република Македонија"бр.80/11).
7. Повеќегодишен контролен план за мониторинг на инфестација со Trichinella кај приемчива популација животни во Република Македонија, а во врска со законодавството на Европската Унија

| Законска рамка | |
|---|---|
| **Национално законодавство** | Законодавство на ЕУ |
| **Закон за безбедност на храната** | Директива 2003/99 за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози |
| | Регулатива 853/2004 за посебните услови за хигиена на храна од животинско потекло |
| | Регулатива 854/2004 за организацијата на службени контроли на производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓе |
| **Правилник за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на** | Директивата 2003/99/ЕК за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози |

| | |
|---|---|
| **зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на монитроинг** | |
| **Правилник за посебните барања за контрола на Trichinella во месото** | Регулатива 2015/1375 за посебни барања за контрола на трихинела во месо |
| **Закон за идентификација и регистрација на животните** | Директива 2008/71 за идентификација и регистрација на свињи |

*Законски обврски*

Инфестацијата со трихинела подлежи на пријавување (согласно Член 49 став (2) точка в) од Законот за ветеринарно здравство (Службен Весник на Република Македонија бр. 113/2007, 136/2011, 24/2012, 123/2012, 154/2015 и 53/2016) и Закон за заштита на населението од заразни болести (Службен Весник на Република Македонија бр. 66/2004, 139/2008, 99/09, 149/2014, 150/2015 и 37/2016).

## *СЛУЖБЕНИ КОНТРОЛИ ЗА ТРИХИНЕЛА И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ ОД ТРУПОВИ ВО КЛАНИЦА И ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ДИВЕЧ*

***Предусловни барања***

**Следливост на животни, трупови и делови што содржат мускулно ткиво.**

Сите свињи испратени на колење треба да бидат обележани на левото уво со ушна маркичка одобрена од страна на надлежен орган со тетовир ознака која се нанесува со тетовир клешта или чук. Маркичката се состои од идентификациски број на одгледувалиштето или индивидуален број.

Во кланицата труповите на свињи се означени со сериски број и операторот со храна треба да има регистар којшто ќе го поврзе овој број со документот (документ за движење/здравствениот сертификат) за серијата (лот) на свињи. Идентификацискиот број на одгледувалиштето и идентификацискиот број тетовиран на животното треба да биде наведен во документот (документ за движење/здравствен сертификат).

Дивите свињи кои биле заловени мора да бидат означени со нумерирана лента. Бројот на лентата е запишан во документите којшто го придружува примерокот испратен во назначената лабораторија.

**Земање примероци од трупови**

Примероци од трупови на домашни свињи треба систематски да се земаат во кланица како дел од *post-mortem* испитувањата.

Од дивите свињи и другите одгледувани и диви животински видови коишто се приемчиви на инфестација со трихинела, систематски треба да се земаат примероци во кланица или објекти за ракување со дивеч како дел од *post-mortem* испитувањата.

Примерокот треба да се земе од секој труп и да се испита за трихинела во лабораторија со акредитирани методи за испитување на трихинелоза и одобрена од страна на официјалниот ветеринар назначен за кланицата.

Листата на лабораторији со акредитирани методи се наоѓа на веб страната на АХВ.

Операторот со храна во кланицата треба да воспостави процедура којашто е одобрена од страна на надлежниот орган за земање и следливост на примероците коишто се испраќаат до назначената лабораторија.

Секоја кланица или објект за ракување со дивеч мора да обезбеди информации за името на лабораторијата во која се спроведува испитувањето и одобрена од страна на официјалниот ветеринар.

Операторите во кланицата коишто се вклучени во делот на земање примероци треба да имаат соодветна обука за таа намена и стандардна оперативна процедура, како дел од HACCP процедурите.

Соодветната квалификација (обука) и правилната примена на процедурата треба да е под надзор на официјалниот ветеринар.

Процедурата треба да обезбеди следивост за ретестирање на труповите кај кои е детектирана нематодна ларва која што би можела да биде трихинела, со цел да се најдат позитивни трупови. Во сите овие случаи треба да се спроведе ново земање на примероци.

Во случај на лот (серија) од 100 свињи: позитивната серија може да се идентификува преку бројот внесен во регистарот на лабораторијата. Треба да се земат единечни примероци од најмалку 100 грама (по можност од краците на дијафрагмата, корен на јазикот, мускули на вилицата). Доколку не е возможно да се земе примерок од овие делови, тогаш се земаат примероци од следниве мускули: стомачни мускули, меѓуребрени мускули, врат, подлактица, рамо. Се процесираат 20 дигестии на подгрупи од 5 животни : 5 X 20 грама треба да сомелени. За позитивната подгрупа: 5 единечни дигестии од 20 до 100 грама и исто се возможни директни испитувања на 1 грам мускул.

Кога примероците се земаат од диви свињи или друг дивеч, дигестијата треба да се повтори на поединечните примероци. Во следната табела се прикажани информации за земање примероци и повторно тестирање во случај на несообразност на процедурата за анализа.

## Собирање на примероци и количество за дигестија

| Видови | Место за мострирање | Димензии на примерок | | Димензии на примерок каде што резулатот е позитивен или несигурен | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Количество примероци | Количество кое треба да биде дигестирано | Количество примероци | Количество кое треба да биде дигестирано |
| **Товни свињи** | Коренот на дијафрагмата на преодот од мускулниот во тетивниот дел | >3 грама | > 1 грама | >100 грама | >20 грама |
| | Косталниот дел на дијафрагмата или цвакачка мускулатура (m.masseter) јазикот или стомачните муслули. | >7 грама | >2 грама | >100 грама | >20 грама |
| **Маторици и нерези** | Коренот на дијафрагмата на преодот од мускулниот во тетивниот дел | >7 грама | >2 грама | >100 грама | >20 грама |
| | Косталниот дел на дијафрагмата или цвакачка мускулатура (m.maseter) јазикот или стомачните муслули. | >9 грама | >4 грама | >100 грама | >20 грама |
| **Диви свињи** | јазик или дијафрагма | > 15 грама | > 5 грама | >100 грама | >20 грама |
| **Лисици** | Мускули од јазикот или вилицата, Коренот на дијафрагмата на преодот од мускулниот во | > 15 грама | > 5 грама | >100 грама | >20 грама |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | тетивниот дел | | | | |

<u>Следливост на труповите и примена на ушна маркичка</u>

Во очекување на резултатите од испитувањето на трихинела, операторот со храна треба да гарантира целосна следливост.

Труповите или делови од трупови не смеат да го напуштат објектот пред да се добиени резултатите од испитувањето на трихинела со негативен исход.

Во оние кланици каде што постои процедура за гаранција дека ниту еден дел од труповите нема да го напушти објектот се додека не е добиен негативен резултат од испитувањето на трихинела и се додека процедурата не биде формално одобрена од надлежниот орган, официјалниот ветеринар може да дозволи апликација на ознаката за здравствена исправност согласно член 63 од Закон за безбедност на храна во очекување на резултатите од испитувањето на трихинела.

Трупови од домашни свињи можат да бидат исечени на најмногу <u>шест</u> дела во кланица или во објект за сечење на истата локација или во објект за сечење или одвоен објект од другите кланици согласно одобрението од надлежниот орган.

Операторот со храна мора да обезбеди дека:

- Процедурата е верификувана и под надзор на официјалниот ветеринар;
- Труповите или делови од труповите нема да бидат наменети за повеќе од еден објект за сечење како дестинација;
- Објектот за расекување се наоѓа на територија на Република Македонија.

*МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА СОМЕНЖ ИЛИ ПРИСУСТВО НА ТРИХИНЕЛА*

Во случај на сомнеж или присуство на трихинела без оглед на видовите и категории на животни, се спроведуваат следниве активности

***Мерки во случај на сомнеж на трихинела***

Доколку некое испитување покаже нематодна ларва што би можело да биде трихинела, лабораторијата и Агенцијата ќе ги преземат следниве мерки:

***Анализата на примероците во кои е утврден позитивен или сомнителен резултат на трихинела на ниво на лабораторија***

<u>Ланец на информации</u>

Доколку испитувањето на групен примерок покаже позитивен или сомнителен резултат, лабораторијата треба веднаш да го информира официјалниот ветеринар во

кланицата во која било заклано засегнатото животно или официјалниот ветеринар кој што е надлежен за областа каде што била заловена дивата свиња, кои веднаш го известуваат непосредно претпоставениот во Агенцијата.

Материјалот од примерокот од предметната анализа треба да биде стабилизиран и веднаш да биде испратен во Националната референтна лабораторија НРЛ или друга лабораторија која е укажана од официјалниот ветеринар од претходниот став во случај кога нема назначено НРЛ (во понатамошен текст НРЛ), запазувајќи ја процедурата којашто ја утврдила НРЛ. Ова треба да се направи за да се спречи дигестија на ларвата. Исто и ларвите коишто ќе бидат пронајдени во дополнителните анализи, мора да бидат стабилизирани.

НРЛ треба да даде потврда на наодот или да го отфрли наодот.

Сите трупови или главите од позитивната серија од 100 примероци мора да бидат задржани за повторно тестирање и означување на заразените трупови. Примероците од 20 грама од пет свињи се групираат и се испитуваат со методот којшто е опишан во Прилог 1 од Правилникот за посебни барања за контрола на Trichinella во месото. На овој начин ќе бидат испитани примероци од 20 групи од пет свињи. Кога ќе се детектира трихинела во збирен примерок од пет свињи, се земаат дополнителни 20 грама примероци од секоја свиња поединечно во групата и се испитуваат одвоено.

Примероците од детектиран паразит треба да се испратат до НРЛ за одредување на видот на трихинела. Доколку е неопходно, примероците се испраќаат до референтната лабораторија на Европската Унија за конзервација и препознавање на видовите.

*Референтна лабораторија на ЕУ за трихинелоза е*
*c/o Istituto Superiore di Sanita,*
*Viale Regina Elena 299, 00161 Roma*
*Тел 39 06 49902304, факс 39 06 49387065.*

**<u>Доколку со анализата во НРЛ се потврди присуството на Trichinella spp, НРЛ мора веднаш да го информира официјалниот ветеринар во кланицата која го заклала засегнатото животно или надлежниот официјалниот ветеринар за областа во која била заловена дивата свиња.</u>**

Официјалниот ветеринар во кланицата го утврдува идентификацискиот број на стадото и веднаш го информира официјалнот ветеринар надлежен за областа каде што се наоѓа тоа одгледувалиште, како и непосредно претпоставниот во Агенцијата, телефонски и во рок од 24 часа писмено.

**Постапување на официјалниот ветеринар**

Официјалниот ветеринар во кланица по добивање на информација за сомнеж на позитивен наод на трихинела од лабораторијата веднаш без одлагање, до потврда на резултат од НРЛ, ја известува Агенцијата (непосредно претпоставениот) и ги презема следниве мерки активности:

- го утврдува бројот на одгледувалишта кои ги доставиле сомнителните свињи;
- го известува официјалниот ветеринар од Одделение за државна ветеринарна инспекција за здравствена заштита надлежен за одгледувалишта од кои потекнува сомнителен наод на трихинела за ставање на одгледувалишта под службен надзор како одгледувалишта кои доставиле свињи за анализа во кои била пронајдена ларва;
- треба да обезбеди дека информацијата за ланец на исхрана на сомнителните одгледувалишта содржи информации за сомнежот во трихинела;
- треба да обезбеди дека сите свињи од сомнителните стада се испитани на трихинела;
- треба да обезбеди дека сите трупови и други делови кои содржат вретенасти мускули кои потекнуваат од оние животни кои се дел од сомнителната серија за тестирање се чуваат под службен надзор;
- треба да земе дополнителни примероци со цел да се одреди кои трупови содржат трихинела;
- месото и производите од месо од сомнителни одгледувалишта се идентификувани и повлечени од пазарот. Размерот на повлекувањето се одредува врз основа на резултатите од испитувањата на трихинела коишто се спроведуваат на животните од одгледувалиштата.

**Мерки за справување со инфицирани трупови и делови од инфестирани трупови**

Во случај на потврда на инфестирани трупови во кланица, целиот труп треба да се уништи. Доколку трупот веќе е расечен, другите делови коишто содржат напречно-пругасти мускули од животните што биле дел од партијата за тестирање со позитивни резултати, исто така треба да бидат уништени.

**Мерки што треба да се преземат, доколку не можат да се идентификуваат инфестираните трупови во кланицата**

Доколку не можат да се идентификуваат инфестираните трупови во кланицата, треба да се преземат соодветни мерки, вклучувајќи:

- Зголемување на димензиите на секој примерок од месо собран за тестирање на сомнителните трупови;

- Прогласување на сите труповите за неподобни за човечка исхрана;
- Преземање соодветни мерки за одлагање на сомнителните трупови или нивни делови кои се покажале како позитивни.

Партијата којашто опфаќа позитивни или несигурни наоди треба целосно да се уништи.

__Официјален ветеринар на ниво на одгледувалиште__

Официјалниот ветеринар надлежен за одгледувалиштето треба да:

- го стави одгледувалиштето под надзор и да нареди рестриктивни мерки за сомнителното одгледувалиште согласно Законот за ветеринарно здравство;
- забрана за ставање во промет: од засегнатите одгледувалишта/стада ниту едно животно нема да биде доставено за обнова на стадо, за товење, или за приватно колење, без претходна дозвола од официјалниот ветеринар.
- нареди испитување на трихинела на сите заклани свињи коишто потекнуваат од засегнатото одгледувалиште. Доколку е можно, целото месо од свињите коишто потекнуваат од одгледувалиштето, дополнително треба да биде тестирано на присуство на трихинела;
- наредените мерки остануваат се до потврда или отфрлање на сомнежот.

__Сите испитувања на трихинела за откривање и испитување на сомнителниот случај, мора да се спроведат во НРЛ.__

__Истрага на изворот на зараза и мерки на забрана во заразените одгледувалишта__

__Заразените одгледувалишта мора да бидат ставени под официјална контрола;__

1. Официјалниот ветеринар проверува дали сите свињи во стадото се означени соодветно;
2. Биосигурност: стадото се прегледува од страна на официјалнот ветеринар во однос на биосигурносните мерки кои се применуваат на одгледувалиштето, со посебно внимание на контролата на штетници и складирање на храна за исхрана на животните. Доколку има потреба во заразеното стадо треба да се засили контролата на штетници;
3. Официјалниот ветеринар треба да земе примерок од сите свињи коишто се испратени на колење од ова стадо и примерокот да го достави до НРЛ за детекција на трихинела најмалку во следните 12 месеци;
4. Испитувањето на изворот на зараза треба да го опфати и ширењето на заразата кај дивите животни.

Контактни стада: одгледувалишта коишто испратиле или внеле живи свињи на односно од позитивното одгледувалиште треба да се стават под службен ндзор во однос на горенаведените точки од 1 до 5.

**<u>Мерки кои треба да се преземат во малопродажба или на ниво на потрошувач</u>**

Агенцијата веднаш презема активности во однос на безбедноста на храна и храната за животни. Сите оператори со храна и потрошувачи кои може да бидат засегнати со изворот на инфестација, треба да бидат информирани за ризикот и за управувањето со тој ризик.

## *МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА ПОТВРДА НА ТРИХИНЕЛОЗА*

Кога НРЛ ќе го потврди позитивниот наод на трихинела и кога ќе се потврдат заразените одгледувалишта/стада, мора да се преземат следниве мерки како дополнување на претходно воспоставените мерки:

- Следење на заразата: одгледувалиштето се посетува за да се одредат факторите на ризик што можат да ја предизвикаат инфестацијата на трихинела, на пр. контакт со диви животни или увезени прехранбени производи и доколку е можно официјално одредување на изворот на зараза;
- Доколку биле извезени или се тргувало со месо и месни производи од стадото, треба да се направи нотификација преку RASFF;
- Државниот санитарно здравствен инспекторат и Министерството за здравство (Институт за јавно здравство) исто треба да бидат известени за наодот на Trichinella spp ;
- Испитување на трихинела на заразените одгледувалишта: доколку се уште не се спроведува рутинско тестирање во кланица, треба да се воспостави процедура. Сите заклани свињи на одгледувалиште мора да се испитуваат за трихинела;
- Во заразените одгледувалишта мора да се зајакне контролата на штетници и други биосигурносни мерки;
- Регионално испитување на трихинела на одгледувалишта на свињи: доколку СЗЗБЖ одлучи дека е потребно, мониторингот на трихинела на заклани животни ќе се прошири и ќе ги опфати околните одгледувалишта или одгледувалиштата во поширока географска област. Кога ќе се мапира можното ширење на инфестацијата во областа, може да се употреби одобрено серолошко тестирање;
- Задолжително испитување на приватно закланите свињи за домашна употреба: доколку СВЈЗ процени дека е неопходно, сите свињи коишто се користат за домашна употреба мора да бидат тестирани на трихинела;
- Засилен мониторинг на дивиот свет: доколку СЗЗБЖ процени дека е неопходно, ќе се засили мониторингот на трихинела кај дивите животни во таа област, така што ќе процени ризикот од инфестација и ќе се воспостават

соодветни мерки доколку се пронајде висока преваленција на диви животни заразени со трихинела во таа област;

- Како дел од биосигурносните мерки може да се предвиди мачки и кучиња да не смеат да бидат во директен контакт со свињите на одгледувалиштето како и нивно отстранување;

- Кога ќе се пронајде трихинела на одгледувалиште, доколку е потребно треба да се активираат мерките за откривање на трихинела кај дивите животни.

**Сите испитувања за трихинела за откривање и испитување на сомнителен случај треба да се спроведат во НРЛ.**

***Дополнителни мерки за различни категории на животни за производство на храна***

Како дополнување, во одгледувалишта каде што е утврдена трихинелата, треба да се применат следниве мерки:

**Мерки на одгледувалишта со маторици/нерези и товни свињи**

- официјален надзор: заразеното стадо мора да се стави под забрана;
- сите свињи во стадото треба да бидат соодветно означени;
- биосигурност: операторот со храна треба да обезбеди најголема можна заштита од инфестација со трихинела, со особено внимание на контрола на штетници и чување на храната за исхрана на животните;
- забрана за ставање во промет: од засегнатите одгледувалишта/стада ниту едно животно нема да биде доставено за обнова на стадо, за товење, или за приватно колење, без претходна дозвола од официјалниот ветеринар;
- испитувања на трихинела: сите свињи кои потекнуваат од стадото мора да бидат тестирани при колење во период од најмалку 12 месеци од последниот наод на трихинела во стадото;
- контактно одгледувалиште/стадо: одгледувалиштата/стадата коишто доставиле или внеле живи свињи или коњи од заразени стада се ставаат под официјална рестрикција. Овие стада може да имаат инфестирани животни; и
  серолошки испитувања: доколку постои оправдување, одобрени серолошки испитувања можат да се употребат и за одредување на статусот на инфестација на стадото и за појаснување на размерите на ширење на инфестацијата.

**Домашни свињи кои се чуваат во надворешни услови / Домашни свињи за лична конзумација**

- доколку е неопходно, инспекцијата и мониторингот на одгледувалиштето треба да бидат засилени;
- одгледувалиштето треба да се огради за да се намали контактот со диви животни;

- контакт со диви животни со намалување на популацијата на лисици, зајакнување на употребата на заштита од птици; спроведување на дератизација;
- мрши: треба да се преземат чекори за да се гарантира ефикасно собирање и уништување на мрши од угинати свињи;
- храна за животните: мора да се гарантира дека храната за исхрана на животните се дистрибуира со најмала можна загуба и на начин што не дозволува контаминирање на храната за животни;

- мониторинг на диви животни: доколку е неопходно, може да се засили мониторингот на диви животни со намера да се добијат појаснувања онаму каде што постои зголемена преваленција на трихинела меѓу дивите животни во животната средина.

## Припитомени диви свињи

Исто како и во случајот на домашни свињи и овие се чуваат во надворешни услови.

## Коњи

- Проверка и складирање на храната за исхрана на животни за да се осигура најмал можен контакт со неа и да се спречи контаминација од дивите животни;
- Проверка на контролата на штетници на одгледувалиштето.

## Други видови на животни

Доколку постои сомнеж дека други животни за производство на храна можат да бидат ризичен фактор за предизвикување на инфестација со трихинела, тие видови можат да бидат вклучени во испитувањето.
Мора да се направи проценка на ризикот од инфестацијата на овие стада и да се ограничи колку што е можно повеќе.

## *ДЕТЕКЦИЈА НА ТРИХИНЕЛА ВО ВИДОВИ НА ДИВИ ЖИВОТНИ*

Ако се забележи зголемена преваленција на трихинела кај дивите животни во одреден регион или во поширока област, треба да се спроведат следниве мерки:

- одгледувањето на свињи кои се чуваат во надворешни услови може да биде ограничено или забренето за одреден период;
- може да се воведе серолошки мониторинг на стадата со свињи во регионот;
- доколку Агенција смета дека е неопходно, ќе бидат информирани сопствениците на стадата свињи и коњи, или директно преку писмо или преку иформација во медиумите;
- ловците во областа ќе бидат информирани и посоветувани за спроведување засилен лов на предаторни и некрофагни животни во зависност од сезоната на лов согласно Законот за ловство кој што е на сила;
- убиените предаторни животни треба да бидат нештетно отстранети;
- животните кои што се убиени во сообраќај или пронајдени мртви, треба нештето да се отстранат.

### Лисици

Лисиците постојано се испитуваат за трихинела како животни – индикатори за преваленца на трихинела кај дивите животни.

Спорадичните наоди на трихинела кај лисиците може да водат до понатамошни мерки:

- Ловците во областа треба да бидат информирани и советувани да спроведуваат засилен лов на лисици;
- Убиените лисици треба да бидат нештетно отстранети.

*Доколку се работи за утврдување на присуство на трихинелоза во повеќе од една кланица односно одгледувалиштата се во повеќе од една епизоотиолошка единица, се активира оперативниот план за кризи преку ЦЕУК. (централна единица за управување со кризи од областа на безбедноста на храна и храна за животни).*

Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

Одобрено од:
**Директор на Агенција за храна и ветеринарство,**
Зоран Атанасов

Архивски број:
02-4153/1
25. 12. 2018

2/18